АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.09.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4064 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 септември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-385 од 13.07.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (16.07.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 септември 2018 година, на регионално ниво (Д8), **констатирано е дека не постапил по решението за изрекување мерка опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

(обврска дневно да емитува најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и македонски јазик, со оглед на тоа дека според дозволата за вршење радиодифузна дејност, е обврзан да емитува програма на двата јазика, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 4 септември 2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово **воопшто не емитуваше изворно создадена програма на албански и македонски јазик**. Законскиот минимум од 50% изворно создадена програма дневно, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 септември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:18:03 ч.), е 11 часа 9 минути и 1 секунда.

Со оглед на тоа дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово **воопшто не емитуваше изворно создадена програма на албански и македонски јазик,** не е исполнет ниту законскиот услов од член 14, најмалку половина од законски утврдениот минимум, од 50% изворно создадена програма, да биде емитувана во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Половина од законскиот минимум (од 11:09:01 ч.) изнесува 5 часа 34 минути и 31 секунда изворно создадена програма, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, на 4 септември 2018 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 13 јули 2018 година, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово продолжи со вршење на повредата од **член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***